32472 E

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
OSNIVAČ SNJ
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674
Isečak iz lista
Newspaper cutting
МЛАД БОРЕЦ
СКОПЈЕ
1481/11
17. IV. 1985

**Моновју: Симон Узуновски**

# МАРГИНАЛНОСТ И ЕГЗИСТЕНЦИЈА

**Симон Узуновски** е еден од ликовните творци (ретки во нашава средина) пред чие делување може да стои одредницата маргинално (спротивно на владеачко). Работи со неконвенционални материјали: селотејп, хартија, органски материи. Комплексноста на неговите творечки резултати (определени како скулпторски) ја сочинува и елементот на намерните или случајни минувачи во создавањето.

ЛИКОВЕН ГОВОР: Подолго време созреваше во мене. За време на студирањето (Архитектонски факултет, в.в.) се заинтересирав за селотејпот. Сензибилитетот и ефемерноста на тој материјал ме провоцираа да се произнесувам низ него. Работев колажи и апстрактни форми, а потоа дојде потребата од едно посериозно истапување со тој материјал — во простор или во две димензии кои своето постоење го оправдуваа и во физичка смисла и во смисла на порака. Резултат на некој мој внатрешен немир беше создавањето на неколку основни архетипа: топка (авторот ја нарекува „тркалајка", в.в.), квадрат, коцка. „Тркалајката" преку една спонтана игра во која учествуваа повеќе луѓе, за време на изложбата во аулата на Филозофскиот факултет, се преобрази во женска фигура.

ПРОСТОР: Вознемирен сум од некои простори со кои се срекавам во секојдневието, некои од нив ми се неопходни во чинот на творењето. Интересно е тоа како промената на визуелната компонента на тој простор влијае врз луѓето. Се разбира постојат и простори каде сакам да творам, но сум ограничен од некои прозаични работи.

ОФИЦИЈАЛНИ И ПОТЕНЦИЈАЛНИ КРИТИЧАРИ: Во глобала луѓето овде и сега не се спремни да прифатат ваков начин на творење. Чувам една тетратка, одн. книга на впечатоци од изложбата во аулата на ФФ која е полна со погрдни зборови.

ГАЛЕРИЈА — ТВОРЕЦ: Проблемот е во луѓето кои ја „држат" галеријата. Од нивната широчина и пристап кон уметничкото дело зависи дали одредена институција ќе застапува академизам, колкаво ќе биде влијанието на политиката и сл. Добро е тоа што кај нас некои простори се отворија: Галеријата на Домот на младите и Музејот на Современата уметност. Можам само да забележам на нивното доцнење, зашто неконвенционални начини на творење кај нас имаше и пред десетина години.

МАРГИНАЛНОСТ И ЕГЗИСТЕНЦИЈА: Ваков начин на творење бара многу енергија, самосвест, спремност на големи отпори од средината. Економската страна на сето тоа е проблематична зашто бара одредени средства кои авторите сами треба да ги обезбедат. Мојата ситуација е таква што работам паралелно и уљани слики, одн. се занимавам со дел од таа академска уметност, но во едно друго поднебје (Италија) кое ми овозможува и заработувачка, но и богатство од контактите со луѓето затоа што сликам на улица.

СЦЕНОГРАФИЈА: Почнав со Театарската работилница, сосем спонтано да работам сценографија. Се здобив со низа од спонтани сознанија кои на некој ирационален начин ме збогатуваа. Ограничувањето во работата со оваа, би ја нарекол алтернативна група, се состоеше во тоа што таа изведуваше проекти во простори чиј волумен физички и психички е непредвидлив, така што сценското решение беше центрично. Во професионалните театри, заедно со Крсто Џидров, изведувавме сценографија на тој начин што повеќе решававме амбиент или атмосфера. Немаме пристап во чија основа би била метафората или некое психолошко наметнување.

АКАДЕМСКА КВАЛИФИКАЦИЈА: Кај нас редот на работите е таков што уметник станува некој кој завршува школи на уметност, што за мене е сталешки став. Проблемот е и во затвореноста на одредени кругови кои веќе се афирмирале. Сето тоа младиот автор го доведува во една комплексна ситуација, која ги ограничува можностите на себенаоѓање.

**В. ВЕЛЕВСКА**